| 1. | Одбрана на магистерски работа | 1x4 | | 4 |
| 2. | Објавени научни трудови | 2x2 | | 4 |
| | | | **ВКУПНО** | **8** |
| **Стручна-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | | | | |
| 3. | Пишани трудови во стручни списанија | 7x1 | | 7 |
| 4. | Објавена публикација | | 1x6 | 6 |
| 5. | Пишана стручна книга | | 1x6 | 6 |
| | | | **ВКУПНО** | **19** |
| | | | **ВКУПНО ЗА СИТЕ АКТИВНОСТИ** | **27** |

**4. М-р Жикица Јовановски**

**I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Од печатената верзија на биографијата ги истакнуваме следните податоци:

**Дата на раѓање:** роден на 24.08.1966 година во Куманово.

**Адреса:**

**Образование:** Во 2006/7 година во Софија, Р.Бугарија на ВА „Г.С.Раковски“, кандидатот завршил Школа за Национална Одбрана и се стекнал со звање Магистар по Стратегиско раководење и командување, (*Дипломата број издадена на 26.07.2007 година на име ЖИКИЦА Светислав ЈОВАНОВСКИ од Факултетот за национална безбедност и одбрана при Воената академија „Георги Стојков Раковски" во Софија, Република Бугарија, во Република Македонија се признава како документ за завршени последипломски магистерски студии и стекнат академски степен Магистер по стратегиско раководење на одбраната и вооружените сили.*); Во 1997/98 година во Скопје завршил Командно-штабна Академија, 4 редовна класа, (специјализација за командно-штабни должности); Во 1989 година завршил Воена Академија на Копнената војска во Белград, насока пешадија-извидувачка специјалност.

**Работно искуство:**

1989/92 г. командир на падобранско-извидувачки вод и командир на самостоен падобранско-протидиверзански вод,

1992 г. командир на извидувачка чета во гардиска бригада на АРМ,

1993/96 г. оперативец-разузнувач во тогашниот Разузнувачки центар,

1997/2001 г. Командант на КИзвидувачки баталјон на ГШ на АРМ,

2001/2005 г. Началник на одделение за разузнавање и офицер за координација на разузнавање и контраразузнавање во Г-2 во ГШ на АРМ,

2005 г, мај до 30.09.2009 г. Началник на Г-2 во ГШ на АРМ,

30.09.2009 Г.-30.09.2010 г. Началник на Штаб во 1 .мтбр во Штип,

од 30.09.2011 г. поставен на должност Главен Инспектор во ЗОК,

**Познавање на странски јазик:** многу добро познавање на англиски јазик со степен STANAG 2.2.2.2. и одлично Турски.

**Друго:** Има завршено и повеке курсеви и семинари од различни области на одбраната. Бил ангажиран како предавач на Воената Академија по предметот Воено разузнавање.

**II НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Според приложените документи, кандидатот нема податоци за реализација на наставно-образовна дејност.

**III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Кандидатот ја има наведено својата магистерска работа со наслов „Актуелни проблеми на разузнавањето во современите операции и компании“.

**IV СТРУЧНА-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ**

Кандидатот има објавено свои трудови во списанието Одбрана.

Бил учесник, координатор и носител на повеке програми и проекти во изработка на Стратегискиот Одбрамбен Преглед во Одбраната.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | ПОЕНИ | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | во странство | |
| **Наставно-образовна дејсност** | | | | |
| 1. | | | | 0 |
| | | | **ВКУПНО** | **0** |
| **Научно-истражувачка дејност** | | | | |
| 2. | Одбрана на магистерски работа | 1x4 | | 4 |
| | | | **ВКУПНО** | **4** |
| **Стручна-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | | | | |
| 3. | Изработка на елаборати за студиски програми и експертизи | 2x2 | | 4 |
| 4. | Учество на конференции | 4x2 | | 8 |
| | | | **ВКУПНО** | **12** |
| | | | **ВКУПНО ЗА СИТЕ АКТИВНОСТИ** | **16** |

## IV ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на податоците од професионалните биографии, работното и наставното искуство, научно истражувачките работа, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев”, каде што Воената академија е придружна членка, комисијата констатира дека кандидатот м-р Гоце Анакиевски, мајор не ги исполнува сите услови за избор во наставничко звање. Тој со својата досегашна наставно-образовна (НО), научно-истражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) активност има 11 поени со што се констатира дека не го достигнал потребниот квантум (25 поени) за да биде избран во наставничко звање.

Врз основа на податоците од професионалните биографии, работното и наставното искуство, научно истражувачките работа, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев”, каде што Воената кадемија е придружна членка, комисијата константира дека кандидатот м-р Миле Петровски, полковник ги исполнува сите услови за избор во наставничко звање. Тој со својата досегашна наставно-образовна (НО), научно-истражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) активност има 72 поени со што се констатира дека го надминал потребниот квантум (45 поени) за да биде избран во наставничко звање виш предавач.

Врз основа на податоците од професионалните биографии, работното и наставното искуство, научно истражувачките работа, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев”, каде што Воената академија е придружна членка, комисијата константира дека кандидатот м-р Борко Симоски, полковник ги исполнува сите услови за избор во наставничко звање. Тој со својата досегашна наставно-образовна (НО), научно-

истражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) активност има 27 поени со што се констатира дека го надминал потребниот квантум (25 поени) за да биде избран во наставничко звање предавач.

Врз основа на податоците од професионалните биографии, работното и наставното искуство, научно истражувачките работа, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев”, каде што Воената кадемија е придружна членка, комисијата константира дека кандидатот м-р Жикица Јовановски, полковник не ги исполнува сите услови за избор во наставничко звање. Тој со својата досегашна наставно-образовна (НО), научно-истражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) активност има 16 поени со што се констатира дека не го достигнал потребниот квантум (25 поени) за да биде избран во наставничко звање предавач.

Затоа членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“– Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да го избере кандидатот **м-р Миле Петровски** за наставник во звањето **виш предавач** во научното поле: општествени науки, научна област: воени и воено специјалистички предмети, за предметот: ***Општа тактика 2***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **д-р Димче Петрески, насловен доцент, бригаден генерал, с.р.**
   Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“– Скопје, УГД

2. **д-р Александар Главинов, доцент, потполковник, с.р.**
   Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“– Скопје, УГД

3. **д-р Елениор Николов, доцент, полковник, с.р.**
   Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“– Скопје, УГД

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ТЕХНИЧКИ НАУКИ, НАУЧНА ОБЛАСТ: ВОЕНИ И ВОЕНО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ПРЕДМЕТИ, ЗА ПРЕДМЕТОТ ТАКТИКА НА ИНЖЕНЕРИЈА

Врз основа на член 132, став 1-5, од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 115/10, 17/11 и 51/11) и Законот за Воена Академија (Службен весник на Република Македонија”бр 83/09), а согласно член 32 став 1 од Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје бр. 07-221/1 од 22.02.2012 година, со Одлука бр. 03-17/76 од 02.05.2013 година донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски”- Скопје, одржана на 30.04.2013 година, избрани сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник од научната област: Воени и воено специјалистички предмети, за предметот: Тактика на инженерија. На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Журнал“ на 09.04.2013 година, за избор на еден наставник за предметот: Тактика на инженерија, во предвидениот рок се пријавил 1 (еден) кандидат.

При увид на доставената документација според условите по конкурсот, комисијата го констатираше дека на конкурсот за предметот Тактика на инженерија се пријави кандидатот м-р Сенто Цветановски, полковник.

Врз основа на пријавите и приложената документација и по нивното разгледување, Рецензентската Комисија го доставува следниот,

# И З В Е Ш Т А Ј

По извршениот детален увид во приложената документација на кандидатот **м-р Сенто Цветановски, полковник.**, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот приложил комплетна и веродостојна документација (оргинал документи) со која ги задоволува конкурсните услови.

## 1. М-р Сенто Цветановски, полковник

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот **м-р Сенто Цветановски, полковник,** роден е на 27.06.1954 година во Метежево, општина Крива Паланка, Република Македонија. Основно образование завршил во родното место, а средно образование гимназија – природноматематичка насока завршил во Крива Паланка. Во 1979 година дипломирал на Воената академија - насока инженерија, во Белград.

Од завршувањето на Воената академија па наваму, како офицер ги извршувал следните позначајни должности: командир на чета, командант на патно мостовен баталјон во инженериски полк, помошник на началник на штаб за оперативно-наставни работи во инженериски полк, началник на инженерија во Армиски корпус, помошник на началник на штаб за наставни работи во оперативно одделение во команда на Армиски корпус.

Од 1997 година е вработен во Воената академија во Скопје, кадешто со Одлука на Наставно-научниот совет од 04.07.1997 година за прв пат е избран за наставник - во звање

**предавач,** во наставната област Инженерија, а во 2002 година е избран е за наставник во звање **виш предавач** во истата наставна област.

Во 1995 година завршува Постдипломски студии-специјализација за командни и штабни должности на Воената академија во Скопје. По успешната одбрана на специјалистичкиот труд под наслов „Инженериско обезбедување на оклопна бригада во напад” се стекнува со **VII/2 степен** на образование и звање **- специјалист за командни и штабни должности.**

Во 2009 година завршува Постдипломски студии - магистратура на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Со одбрана на магистерскиот труд на тема „***Сообраќајна инфраструктура на Република Македонија и нејзиното значење во одбранбениот систем***” се стекнува со научно звање - **магистер по технички науки од областа на градежништвото.**

Во 2009 година **аплицира на Докторски студии** на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, кадешто со одлука бр. 02-2/124 од 28.10.2009 година на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет е усвоен извештајот за подобност на кандидатот м-р Сенто Цветановски и темата за изработка на докторска дисертација.

Кандидатот м-р Сенто Цветановски е воен старешина од постојаниот состав на Армијата на Република Македонија во чин полковник и е поставен за наставник во Катедрата за воени науки и воени вештини во Воената академија.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Сенто Цветановски, полковник како наставник во досегашното негово наставно ангажирање во Воената академија учествувавал во реализацијата на наставата: на додипломските студии (прв циклус на студии) на насоката Инженерија, на Командно-штабната школа - специјализација за командни и штабни должности (реализација на наставните содржини од областа на инженеријата), на Курсот за офицери за логистичките служби во АРМ и други структури.

Покрај наведното, учествувал и во изработката на елаборати за реализација и во реализацијата на стручно-специјалистичкиот дел на обуката во теренски услови со питомците.

Исто така, до 2005 година, во континуитет реализира настава и практични вежби со вежбовни и боеви минско експлозивни средства со питомците во Воената академија и во единиците на АРМ, а учествувал и во обука и практичната работа на поставување и лансирање на лансирни мостни конструкции и мостни средства (мостови) и практично работи на изградаба на патишта и изградба на разни објекти од делот на утврдувањето.

Како наставник, кандидатот се ангажирал и како ментор во изработката на дипломски трудови на питомците и стручно-специјалистички трудови на слушателите на Командно-штабната школа, а учествувал во комисии за одбрана на истите.

Во рамките на професионалното ангажирање и планско-програмските активности, треба да се истакне дека кандидатот бил член и активно учествувал во работата на работните групи за изрботка на Концептот за развој на офицерскиот кор во АРМ и Стратегијата за управување со човечки ресурси.

Во рамките на проектот за рестартирање на Воената академија, активно бил вклучен во изработката на студиските програми за прв циклус на студии.

Како што може да се види од погоре изнесеното, наставно-образаовната активност и работа на м-р Сенто Цветановски, полковник, во изминатиот период и неговото стрчно

усовршување укажуваат на тоа дека истиот поседува знаења и способност за успешно изведување на настава и пренесување на знаења на питомците-студентите од наставната област за која што конкурира.

## III. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Податоци за објавените стручни, научни трудови и учество на конференции:

***Сенто Цветановски***, Специјалистички труд на ПДС - СКШД, на тема „Инжинериско обезбедување на оклопна бригада во напад“, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, јули 1995 година, страници - 68 А4 формат со прилози 6 (шест) карти - со цртани содржини поврзани со трудот.

Предавач, Сенто Цветановски, „Тактика на инженерија“, лекции, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, 1999 година, страници - 286 А4 формат.

Предавач, Сенто Цветановски, „Утврдување“, лекции, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски” - Скопје, 1999 година, страници - 180 А4 формат.

Предавач, Сенто Цветановски, „Тактика на инженерија“, Работа на офицерот за инженерија во команда на бригада - корпус по прием на задача (мисија) при процес на донесување на одлука, лекција, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, 2000 година, страници - 20 А4 формат.

Виш предавач, Сенто Цветановски, „Основи на утврдување“, скрипта, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, 2002 година, страници - 274 А4 формат.

Виш предавач, Сенто Цветановски, „Општа тактика“, Инженериска поддршка на офанзивните борбени дејства, наставен материјал, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски” - Скопје, 2004 година , 50 страници А4 формат.

Виш предавач, Сенто Цветановски, „Општа тактика“, Инженериска поддршка на дефанзивните борбени дејства, наставен материјал, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, 2004 година, страници 57 А4 формат.

Сенто Цветановски, Семинарска работа на тема „Проектирање на патишта - одбрани поглавја (обликување на пат)”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Градежен факултет - Скопје, Октомври 2004 година, страници - 48 А4 формат.

Сенто Цветановски, Семинарска работа на тема „Поим и подрачје на системите за управување со патишта“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, „Градежен факултет” - Скопје, Октомври 2004 година, страници - 30 А4 формат.

Сенто Цветановски, Семинарска работа на тема „Основи на економска анализа во транспортот и инвестирање во транспортната инфраструктура“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, „Градежен факултет“ - Скопје, 2005 година, страници - 23 А4 формат.

Сенто Цветановски, Семинарска работа на тема „Нумерички методи и нивна примена во инженерството“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, „Градежен факултет“ - Скопје, ноември 2007 година, страници - 40 А4 формат.

Сенто Цветановски, **Магистерски труд на тема** „Сообраќајна инфраструктура на Република Македонија и нејзино значење во одбранбениот систем“, (со тежиште на - Одржување на патната инфраструктура во воени услови), Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Градежен факултет - Скопје, јуни 2009 година, страници - 304 А4 формат.

Сенто Цветановски, Изработка (работа) на Докторска дисертација на тема „Совладување на водите и водените текови во Република Македонија во воени услови” Универзитет “Св. Кирил и Методиј”Градежен факултет - Скопје.

Учество на семинар во организација на Американскиот воен контакт тим „Основи на Командноштабен Колеџ“ одржан во Скопје од 10-12 септември 2002 година, со добиен Сертификат.

Учество на семинар во организација на Американскиот воен контакт тим „Донесување на одлуки, одржан во Скопје од 22-24 април 2003 година, со добиен Сертификат.

Учество на „Четврт, IV - Симпозиум од областа на рударството со меѓународно учество“ одржан во Охрид од 30.05.- 02.06.2006 година.

Учество во изработка на „Студиските планови и програми за ДДС и други наставни програми за школување на другите структури на ВА, Раководител или заменик на работни групи за изработка на СПП (на повеќе СПП).

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| **Ред. број** | | **ПОЕНИ** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта од предавања | 2x4 | | 8 |
| 2. | Ментор на одбранета дипломска работа (мах 7) | 7x1 | / | 7 |
| 3. | Ментор на одбранета специјалистичка работа | 4x2 | | 8 |
| 4. | Член на комисија за одбрана на стручно специјалистички работа | 7x1 | / | 7 |
| 5. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7x0.2 | / | 1,4 |
| 6. | Предавања | 5.6 x 2 =11.2 | / | 11.2 |
| | Тактика на инженерија на ДДС (3нч/неделно) | 3x15 = 45<br>45/8=5.62 | / | / |
| | Утврдување и маскирање на ДДС (3нч/неделно) | | / | / |
| 7. | Вежби | 1.4x2= | / | 2.8 |
| | Тактика на инженерија на ДДС (2нч/неделно) | 1.5x15 = 15<br>22.5/16=1.4 | / | / |
| | Утврдување и маскирање на ДДС (1нч/неделно) | | / | / |
| | | | **В К У П Н О:** | **45.4** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 9. | Одбранета магистерска работа | 1x4 | / | 4 |
| | | | **В К У П Н О:** | **4** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 10. | Елаборати и експертизи | 2x2 | | 4 |
| 11. | Член на факултетски орган, комисија | 2x2 | | 4 |
| | | | **В К У П Н О:** | **8** |
| | | | **В К У П Н О:** | **57.4** |

## 4. Заклучок и предлог

Врз основа на податоците за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на м-р Сенто Цветановски, полковник, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот има завршено Воена академија насока инженерија, постдипломски студии-специјализација за командни и штабни должности, како и постдипломски студии-магистратура од техничките науки од областа на градежништвото и запишано докторски студии.

Врз основа на податоците од професионалните биографии, работното и наставното искуство, научно истражувачките работа, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев”, каде што Воената кадемија е придружна членка, комисијата константира дека кандидатот **м-р Сенто Цветановски**, ги исполнува сите услови за избор во наставничко звање. Тој со својата досегашна наставно-образовна (НО), научно-истражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) активност има 57.4 поени со што се констатира дека го надминал потребниот квантум (45 поени) за да биде избран во наставничко звање виш предавач.

Затоа членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“– Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да го избере кандидатот полковник, м-р Сенто Цветановски за наставник во звањето **виш предавач** во научното поле: технички науки, научна област: воени и воено специјалистички предмети, за предметот: ***Тактика на инженерија***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **д-р Росе Смилески, ред. проф. полковник, с.р.**
   Воена академија „Генераал Михаило Апостосли - Скопје, УГД

2. **д-р Славко Ангелевски, вон.проф, полковник, с.р**
   Воена академија „Генераал Михаило Апостосли - Скопје, УГД

3. **д-р Александар Главинов, доцент, потполковник, с.р.**
   Воена академија „Генераал Михаило Апостосли - Скопје, УГД

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, ВО НАУЧНА ОБЛАСТ: ВОЕНИ И ВОЕНО-СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ПРЕДМЕТИ, ЗА ПРЕДМЕТОТ *ТАКТИКА НА АТОМСКО, БИОЛОШКО И ХЕМИСКО ОРУЖЈЕ*

Со одлука бр. 03-17/78 од 02.05.2013 година, Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје нè избра за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите звање во научно подрачје: општествени науки, во научна област: воени и воено-специјалистички предмети, за предметот *тактика на атомско, биолошко и хемиско оружје (тактика на АБХО).*

На конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Журнал“ од 09.04.2013 година за избор на еден наставник во наведеното научно подрачје, се пријавија 2 кандидат и тоа:

1. потполковник Фарук Хасиќ;
2. м-р Зоран Сандев, капетан.

По прегледот на конкурсните материјали од пријавените кандидати, го доставуваме следниот,

## И З В Е Ш Т А Ј

Двајцата кандидати со пријавите доставиле и документи од кои се гледа дека ги задоволуваат конкурсните услови.

**1. потполковник Фарук Хасиќ**

**I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

Кандидатот потполковник Фарук Хасиќ е роден на 24.06.1969 година во Скопје. Основно образование завршил во родното место, а средно во Белград во Општото средно воено училиште. Во 1992 година дипломирал на Воената академија КоВ-АБХО во Крушевац. Во 2007 година завршил ПДС-Специјализација за командни и штабни должности на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" во Скопје.

Својата професионална кариера во Армијата на Република Македонија ја започнал во 1992 година како командир на питомечки вод во Центарот за обука Пепелиште. Потоа:

- од 1993 – 1996 година работи како командир на вод АБХО за РХБ деконтаминација во чета АБХО за РХБ деконтаминација во 1.бАБХО;
- од 1996 – 2000 година работи како командир на вод АБХО за РХБ извидување во мешовита чета АБХО во 1.бАБХО;
- од 2000 – 2001 година е командир на мешовита чета АБХО во 1.бАБХО;
- од 2001 – 2002 година е поставен за командир на Центарот за обука АБХО во Центарот за обука на родови и специјални единици во Скопје;
- од 2002 – 2008 година работи како командир на самостојна чета за АБХО;
- од 2008 – 2011 година работи како офицер за обука и вежби во одделение за обука и вежби;
- од 2011 – 2012 година е поставен за офицер за АБХО во одделение за борбена поддршка и стандарди, а

- од 2012 година до денес работи како офицер за борбена готовност во одделение за борбена готовност во Генералштабот на АРМ.

Во текот на професионалната кариера има завршено неколку курсеви по француски јазик, како и повеќе кратки курсеви од областа на неговата професија.

### II НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот потполковник Фарук Хасиќ во својата биографија наведува дека во студиската 2000/2001 година бил ангажиран како изведувач на практичен дел од стручно-специјалистичката обука на питомците на Воената академија по стручните предмети за родот АБХО.

### III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во делокругот на научно-истражувачката дејност, кандидатот е коавтор на книгата под наслов „Против нуклеарна, хемиска и биолошка поддршка на единиците на АРМ“ (ИСБН 978-608-4581-05-5; COBISS.MK-ID 84399370), издаден во 2010 година.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| **Ред. број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | - | - | | - |
| **ВКУПНО** | | | | **-** |
| | **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 1 | Книга | 10 | | - |
| **ВКУПНО** | | | | **10** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | | | |
| 1 | - | - | - | - |
| **ВКУПНО** | | | | **-** |
| **ВКУПНО** | | | | **10** |

**2. М-р Зоран Сандев, капетан**

### I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Зоран Сандев е роден на 28.11.1978 година во Штип, каде завршил основно и средно училиште. Студиите ги запишал во 1997 година на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје и истите ги завршил 2001 година. Во периодот од 2006 до 2009 година ги завршува постдипломските студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде се стекнал со академско звање *магистер на економски науки*. Веднаш потоа, во 2009 година се запишал на докторски студии на истиот факултет, каде изработката на докторската теза на тема: *Воведување на е-бизнис за*

*зголемување на конкурентноста на малите и средни претпријатија во Република Македонија* е во завршна фаза.

Својата професионална кариера ја започнал во Армијата на Република Македонија, и тоа:

- од 2001–2008 година е поставен за командир на вод, со основна задача – обука и тренинг на професионални војници во единиците од родот Атомско, хемиско и биолошко оружје (АБХО);
- од 2008–2012 година ја извршува должноста заменик командир на чета и е сертифициран национален оценувач за декларирани сили CREVAL;
- од 2012 година до сега е поставен за командир на чета АБХО и за национален оценувач за декларирани сили.

Во текот на својата професионална кариера, кандидатот завршил и повеќе курсеви во земјава и странство, од областа на АБХО, меѓу кои:

- NATO CBRN WARNING AND REPORTING SYSTEM–MANUAL PROCEDURES ATP-45, NATO SCHOOL Oberammergau,02.-13.07.20082001 – 2008;
- National OCCE&F Evaluator Training Course, 25-29.05.2008;
- CBRN Defense Orientation Course May 2007 Warsaw, Poland;
- Training Course of the MTP - 45, 09-20.10.2006, Budapest Hungary;
- Crisis Management- Bureau of Diplomatic Security, US Department of State, June 2005 Skopje, Macedonia;
- Participation in the NATO/Pfp/ MDCP Exercise COOPERATIVE ASSOCIATE 2005 November 2005, Skopje;
- 1st Swiss PfP Course on tactical level, November 2005, Spiez, Switzerland;
- Center of International Business Education and Development and Executive MBA Prodram - Ohio University, June 2003, Skopje

## II НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот м-р Зоран Сандев ги наведува следните активности во земјава и странство, во ова подрачје:

- вежби по Криминалистичка тактика, летен семестар 2012 година (20 часа), Пролиферација на стоки и добра за двојна употреба и оружје за масовно уништување на Европскиот универзитет во Скопје;
- предавања по предметот Стратегиски менаџмент два семестри во 2011 на Американ колеџот во Скопје;
- предавања на Меѓународна вежба *Помош во катастрофа и хуманитарна помош* INDIAN RIVER COLLEGE, FORT PIERCE, FLORIDA –USA 12.05.2008;
- предавања на Меѓународна вежба Помош во катастрофа и хуманитарна помош INDIAN RIVER COLLEGE, FORT PIERCE, FLORIDA –USA 20.05.-01.06.2007;
- Regional PSI Critical Capabilities and Practices (CCP) to effectively interdict the illicit transfer of Weapons of Mass Destruction (WMD, CCP Element 2: Inspection and Identification), Warsaw, July 11-12.2012.

## III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од приложената документација се гледа дека м-р Зоран Сандев е активен учесник на семинари, симпозиуми, конгреси и предавања од областа на атомското, хемиското и биолошкото оружје, како и од областа на економските науки.

Во делокругот на научно-истражувачката работа, до сега кандидатот има објавено вкупно три труда во домашни списанија и два труда во зборници на симпозиуми и конференции и магистерски труд:

**Трудови објавени во домашни и странски списанија**

1. З. Сандев, **Бизнис стратегии,** *Претприемач*, бр. 37, Скопје, 2008, стр. 64-76
2. З. Сандев, **Значењето на инструменти на меѓународниот платен промет за финасискиот систем во земјата,** *Економист*, Октомври, Скоје, 2008, стр. 31-45
3. З. Сандев, **Улога на технологијата во бизнис стратегијата и бизнис процесите,** *Капитал,* бр. 112, Скопје, 2009, стр . 9-11

**Трудови и апстракти објавени во зборници**

4. З. Сандев, **Ризик на капиталот**, Септември, Скопје, 2009, *Економски форум*, Економски факултет, стр. 19-27
5. Z. Sandev, **Inspection and Identification of WMD,** *Regional PSI Critical Capabilities and Practices,* Warsaw, July 11– 12, 2012, p. 22.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Предавања | 1 | - | 1 |
| 2 | Вежби | 1 | - | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | **2** |
| | **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 3x3 | - | 9 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир | 2x1 | - | 2 |
| 3 | Одржано предавање по покана | 2x2 | 1x3 | 7 |
| 4 | Одбранета магистерска работа | 4 | - | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | **22** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | | | |
| 1 | Елаборат | 2 | - | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | **26** |

## IV ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на податоците за професионалната биографија, работното искуство и резултатите, Рецензентската комисија констатира дека потполковник Фарук Хасиќ има завршено Воена академија насока АБХО и специјализација за командни и штабни должности, а кандидатот м-р Зоран Сандев, капетан завршено Воена академија насока АБХО и постдипломски студии во областа на економските науки, каде ја изработува и својата докторска дисертација.

Имајќи го предвид досега изнесеното, како и одредбите во член 37 од Законот за Воената академија („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/09) и во Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Воената академија бр. 07-221/1 од 22.02.2012 година, може да се заклучи дека кандидатот м-р Зоран Сандев, капетан ги исполнува условите за избор според конкурсот распишан од Наставно-научниот совет на Воената академија, додека потполковник Фарук Хасиќ не ги исполнува. Рецензентската комисија смета дека завршениот прв циклус на студии и магистерскиот труд од областа на економските науки се поврзани со наставните содржини од областа за која конкурира кандидатот, што го прави подобен во однос на конкурсните услови.

По исцрпното согледување на целокупната активност на двата кандидати, Рецензентската комисија одлучи да му даде предност на кандидатот м-р Зоран Сандев.

Затоа, со голема чест му предлагаме на Наставно-научниот совет на Воената академија, кандидтот м-р Зоран Сандев да го избере за наставник, во звањето **предавач** во научното подрачје: *општествени науки*, во научна област: *воени и воено-специјалистички предмети,* за предметот *тактика на атомско, биолошко и хемиско оружје.*

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **д-р Росе Смилески, ред. проф., полковник, с.р.**
   Воена академија „Генераал Михаило Апостосли - Скопје, УГД

2. **д-р Орце Поповски, вон. проф., полковник, с.р.**
   Воена академија „Генераал Михаило Апостосли - Скопје, УГД

3. **д-р Драге Петрески, вон. проф., полковник, с.р.**
   Воена академија „Генераал Михаило Апостосли - Скопје, УГД

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОЕНА АНДРАГОГИЈА, НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 03-17/80 од 02.05.2013 година, донесена на 48 седница на Наставно-научниот совет на Воената Академија, одржана на 30.04.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област воена андрагогија на Воената академија, при Универзитетот „ГоцеДелчев" во Штип.

Комисијата работеше во состав:

1. Д-р Владо Петровски, вонреден професор на Факултетот за образовни науки, Универзитет „ГоцеДелчев" - Штип – претседател:
2. Д-р ВераСтојановска, редовен професор на Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје - член;
3. Д-р Снежана Мирасчиева, вонреден професор на Факултетот за образовни науки, Универзитет „ГоцеДелчев" - Штип – член.

Конкурсот беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Журнал" на ден 09.04.2013 година и во предвидениот рок сепријавија шест кандидати и тоа: д-р Оливер Андонов, д-р Мухамед Рацај, Кемо Ѓозо, м-р Гоце Анакиевски, м-р Сенто Цветановски и м-р Јулијана Стојанова. По деталното разгледување на приложената документација, Рецензентската комисија има задоволство на Наставно-научниот совет на Воената академија да му го поднесе следниов,

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. Кемо Ѓозо, роден 1961 год., по завршувањето на Воената гимназија во Белград, 1979 год. образованието го продолжува на Воената академија КоВ во Белград каде дипломира 1983 год. Во 1989 год. го завршува Курсот за командант на баталјон. Образованието го продолжува на Постдипломски студии-специјализација за командни и штабни должности на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" – Скопје во периодот 1996-1998. - ПДС-СКШД. Во периодот 2004-2005 год. посетува - Школа на националната ндбрана – натна школа ОСРХ „Б.Ј.Јелачиќ" во Загреб (генерал-штабен колеџ). Во учебната 2011-2012 се запишува на II циклус на студии (магистерски студии) на Воена академија во Скопје. За својот професионален ангажман е одликуван со Орден на Армијата на САД - „Order of Saint Maurices" br. 00066, од 19.07.2004 година и медал за воени заслуги. Во својот професионален ангажман и развој, извршувал повеќе должности како Командир на вод 1983-1985 г., Командир на чета 1985-1996 година, Офицер за обука во 6. пбр 1997-1998 година, Заменик на командантот на наставниот центар за обука на граничари 1998-2000 година, Заменик на командантот на 1. граничен баталјон 2000-2001 година, Командант на 4. граничен баталјон, 2001-2002 година, Началник на секцијата за операции (С-3) во 1.гранична бригада 2002-2003 година, Командант на 1. гранична бригада 2003-2005 година, Командант на Командата за обука 2005-2006 година, Помошник на Деканот на Воената академија за оперативно-штабни работи 2007-2009 година, Раководител на катедра за воени науки и воени вештини на Воената академија Скопје 2009-2013 година. Во моментот со Акт за систематизација на Воената академија Скопје, на 13.03.2013 поставен на место: Заменик раководител на катедра за воени науки и воени вештини во Воената академија. Од 2009 година на Воена академија Скопје е избран за виш предавач од областа на Одбраната

по предметите „Воена андрагогија“ и „Штабови и штабни функции“. И во однос на научниот развој, Кемо Ѓозо се развива со активно учества на научни и стручни конференции и тоа: 2010 - International scientific conference "Balkan security challenge for Europe and the international community“, The Faculty of Philosophy- Skopje, Department of Security, Defense and Peace Studies (Publication), 2011 - Security in post-conflict (Western) Balkans, Macedonia's Transition and Challenges, Faculty of Security- Skopje (Publication) 2012 - Security and the Euro-Atlantic Perspectives of the Balkans Faculty of Security- Skopje (Publication) 2012 - Faces of the crisis EURM Skopje (Publication) 2012 - Organizational boar, International scientific and expert conference “The Role of the Active and Reserve Armed Forces in Support to Their Missions” 2012 - Scientific and expert conference “Planning process and decision making in contemporary operations, where we are today, where we need to be tomorrow” (Publication) 2012 - “Tasks in the Global and Regional Security Environment". (Publication) Од публицистичката активност, Кемо Ѓозо е автор на книгата „Безбедноста на државната граница на Република Македонија – закани и предизвици”, Просветно дело А. Д. Скопје, 2004. Од партиципирањето во програмата (како што претходно беше споменато со учества на три /3/ меѓународни научни конференции од областа на Безбедноста како автор на три /3/ изворни научни и еден/1/ научно прегледен труд; учество на три /3/ меѓународни научни и стручни конференции од областа на Безбедноста и Одбраната како автор на три /3/ научни и три /3/ стручни труда; учество на Воено научна и научно-стручна конференција од областа на Одбраната „MILCOM 2012” како автор на шест /6/ стручни труда) и автор на пет /5/ стручни труда од областа на Одбраната, објавени во теоретското списание на Министерството за Одбрана, „Современа македонска одбрана”. Кемо Ѓозо е автор на повеќе десетици апликативни и теоретски трудови од областа на Одбраната, штабните функции и Военото образование и воспитување, во воените магазини на Министерството за обрана на Република Македонија „Штит” и „Одбрана” и дневниот весник „Дневник”. Исто така, тој е автор на повеќе скрипти и интерни скрипти од предавања и вежби.

***Евалуација на објавените научни и стручни трудови на Кемо Ѓозо, според доставените документи:***

1. Авторите на трудот **„**Реформите во безбедносниот сектор во функција на мирот и перспективата на Македонија и непосредното опкружување” ги објаснуваат реформите во безбедносниот сектор во Република Македонија и другите балкански земји, нагласувајќи ја зависноста на овие земји од помошта на меѓународната заедница, во согласност со желбата за членство во НАТО и ЕУ и прифиќањето на евроатланските безбедносни правни норми и стандарди.

2. Авторите на трудот „Собрански надзор врз безбедносниот сектор”, настојуваат да дадат одговор и објаснување на начините и методите на спроведување на надзор на безбедносните структури во РМ.

3. Авторите на трудот „Стандардни оперативни процедури во системот со управување на кризи”, настојуваат да го истакнат значењето на управувањето со кризите, акцентирајќи ги нејзините воени, политички, економски, социјални, хуманитарни и еколошки аспекти.

4. Авторите на трудот „Влијанието на воената индустрија врз глобалната и регионалната безбедност“, го истакнуваат значењето на воената индустрија во процесот на глобализацијата, ставајќи посебен акцент на одлуките за продажбата и извос на оружје, пречекорувајќи ги политичките средства на меѓународните институции за одржување на стабилноста, мирот, промовирањето на човековите права и демократија.

5. Авторите на трудот „Обезбедување на човечки ресурси за резервните сили на армијата на РМ”, го нагласуваат значењето на резервните сили, кои овозможуваат државата да ја намали мирновремената формација, а во исто време да одржи сила подготвена да одговори на сите можни закани.

6. Авторите на трудот „Современи војни, воени операции и ангажирање на резервни сили”, настојуваат да го истакнат значењето на современите воени операции и ангажирањето на резервните сили во процесот на безбедноста на државата од било какви закани од надвор.

7. Трудот „Структурирање на резервните сили од државите членки на НАТО и ЕУ, нивното учество во операции за менаџирање со кризи и можно прилагодување кон условите на ВС на РМ”, го истакнува значењето на резервните сили како составен елемент на целокупните сили кои треба да ги поседуваат потребните способности, за сите воени задачи, на операциите во земјата и во странство.

8. Авторите на трудот „Приказ на новата директива за планирање на современи операции”, ја нагласуваат целта на ова упатство, односно на директивата на адекватен начин, во вид на збир на општи принципи, насоки, начела и правила во процесот на развојот и унапредување на методите за пристап кон работењето, планирањето и обуката.

9. Трудот „Надлежности на функционалната област, операции во операции предводени од НАТО”, ги опишува основните оперативни аспекти на здружените операции и ги објаснува насоките за водење на операции, како и местото и улогата на оперативната организациска целина на оперативно ниво.

10. Авторите на трудот „Група за планирање на здружени операции”, даваат краток осврт на процесот на планирање при донесување на воени одлуки во текот на спроведувањето на операции за поддршка на мирот, предводени од меѓународните колективни систем за безбедност, НАТО.

11. Трудот „Центри на гравитација и оперативен дизајн”, ја опишува вештината на планирање на операции и вешто ангажирање на воените сили за постигнување на стратегиски цели, преку дизајн, организација, интеграција и спроведување на кампањи и операции.

12. Авторите на трудот „Персонално-административната секција при решавање на проблеми и донесување на воени одлуки”, го опишуваат значењето на функцијата на персонално–административната секција која треба да ги реши сите прашања со кои би се сретнал штабот во различни ситуации, а се поврзани со персоналот.

13. Во трудот „Одредување на оперативниот дизајн во процесот на планирање на операција”, се прави разработка на материја која е фокусирана примарно на оперативно ниво, но сета ова материја може да се користи и за разработка на планирањето на стратегиско и на тактичко ниво.

14. Авторите на трудот „Проблеми во планирање, координација и извршување на разузнавачка поддршка во операции за поддршка на мирот (МИСИЈА ISAF)”, се трудат во него да елаборираат некои елементи кои се неопходни за правилно планирање, координација и извршување на разузнавачките активности на штабната целина за разузнавање на контингентот на АРМ во Мисијата ИСАФ во Авганистан

15. Трудот „Трговија со конвенционалното оружје како глобален предизвик”, дава една комплексна анализа за процесот на ширењето на глобализацијата во контекст на производството и трговијата на оружје истакнувајќи дека таа сериозно го игнорира хуманиот момент и стратегиските последици, на глобалното ширење на оружјето.

16. Авторите на трудот „Самоубиствени напади - новото лице на тероризмот”, укажуваат на значењето, опасноста и активностите за целосно детерминирање на појавата од асиметричните закани, олицетворени во новото лице на тероризмот – самоубиствени напади.

17. Во Трудот „Модели за донесување Воени одлуки во АРМ и НАТО”, авторите го објаснуваат процесот на донесување на одлуки кој е неопходен во секојдневното извршување на менаџерските функции, како што се планирање, организирање или управување.

**Табела на активности кои се бодираат според Правилникот за единствените критериуми при избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип**

| **Р.бр** | **Наставно-образовна дејност** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестри во изборниот период)<br>-часови во III 2010/2011 за предметот Воена андрагогија<br>-часови во III 2011/2012 за предметот Воена андрагогија<br>-часови во III 2012/2013 за предметот Воена андрагогија | 30/8X1=3,75<br>30/8X1=3,75<br>30/8X1=3,75 | |
| 2 | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестри во изборниот период)<br>-вежби во III семестар 2010/2011 за предметот Воена андрагогија<br>-вежби во III семестар 2011/2012 за предметот Воена андрагогија<br>-вежби во III семестар 2012/2013 за предметот Воена андрагогија | 15/16X0,5=0,47<br>15/16X0,5=0,47<br>15/16X0,5=0,47 | |
| | **Вкупно** | **12,66** | |

| Р.бр. | **Научноистражувачкадејност и стручно-уметничкиактивности** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Учество на научен собир со реферат (постер, усно) , концерт во земјата и во странство 3 x 1.5 | 3X1,5=4,5 | / |
| 2 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2X1=2 | / |
| | **Вкупно** | **6,5** | |

| Р.бр. | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 3X2=6 | / |
| 2 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 17X2=34 | / |
| | **Вкупно** | **40** | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ** | **59,16** | |

2. Гоце Анакиевски, роден 1976 год. дипломирал на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, VII/1 образование и добива звање дипломиран пешадиски офицер во 1999 година. Образованието го продолжува на Факултет за безбедност - Скопје, втор циклус на студии и се стекнува со звање магистер на науки од областа на криминалистиката и криминологијата, VII/2 образование во 2011 год. Истата година добива статус на докторант на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола. Како офицер за разузнавање работи во сектор J-2/ГШ на АРМ. Професионалниот развој го збогатува со учество и посета на Курс Летна алпинистика и планинарење, Андермат, Швајцарија, 16.07-05.08.2000 година;Курс Менаџмент со обуката, Скопје, 03.10.2003 година;Обука Недозволена трговија и шверц со луѓе, Скопје, 21 – 25.03.2005 година; Курс за инструктори за командување и лидерство, Вишков, Р. Чешка, 06.03-31.03.2006 година;

Основен курс за ОСЛ, Скопје, 26-30.05.2008 година;Курс Давање брифинзи на англиски јазик, Скопје, 09-15.09.2009 година;Семинар на тема „Homeland security organization in DAT“, Анкара, Турција, 19-20.11.2009 година;Семинар на тема „Legal aspects of terrorism and cyber security“, Охрид, 26-30.09.2011 година;Семинар на тема „Countering Violent Extremism“, Скопје, 30-31.05.2012 година во организација на George C. Marshall European Center for Security Studies;Курс „Реформи во безбедносниот сектор во пост- конфликтни земји“, Сараево, БиХ, 18-22.02.2013 година во организација на PSOTC.

Од приложената документација на увид до Рецензентската комисија беа доставени следните трудови: 9 (девет) специјални препораки на FATF за спречување на финансирање на тероризам – состојбите во Република Македонија, Гоце Анакиевски, - Научен труд објавен во списанието „Современа Македонска одбрана“ бр.22, Скопје, Декември 2011 година, Разузнавачка подготовка на борбеното поле во процесот на донесување на воени одлуки, Методија Дојчиновски, Гоце Анакиевски – MILCON’12, Скопје, Мај 2012 година.Chromatographyas a forensicmethodincriminalisticidentifications, Методија Дојчиновски, Гоце Анакиевски – научен труд објавен на Меѓународен научен собир во организација на KRIMINALISTIČKO-POLICIJSKA AKADEMIJA BEOGRAD, Март 2013 година.

***Евалуацијанаобјавенитенаучни и стручни трудови наГоце Анакиевски, според доставената документација:***

1.Во трудот „9 специјални препораки на FATF за спречување на финансирање на тероризам – состојбите во РМ”, авторот дава комплексна анализа на финансирањето на тероризмот кој претставува глобален проблем и кој одамна ја надмина улогата на локалната и прикриена закана.

2.Авторите на трудот „Разузнавачка подготовка на борбено поле во процесот на донесување на воени одлуки”, ја истакнуваат разузнавачка активност и подготовка која според нив е потребна да се разбере борбеното поле, да се разоткријат способностите и слабите страни на непријателот, да се предвидат непријателските насоки на дејствата и да се планира борбата во контекст на усогласување на оперативните системи.

**Табела на активности кои се бодираат според Правилникот за единствените критериуми при избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип**

| Наставно – образовна дејност | | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| | **Вкупно** | **0** | |
| **р.бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметничкиактивности** | **Поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Одбранета магистерска работа | 4 | / |
| | **Вкупно** | **4** | |
| **р.бр** | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 2 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2X2=4 | 1X6=6 |
| | **Вкупно** | **10** | |
| | **ВКУПНО** | **14** | |

3. Кандидатот д-р Мухамет Рацај е роден 1961 година во с. Сичево, Република Косово. Во периодот 1976-1980 година, завршува средно образование на военото училиште КоВ во Сараево, додека воена академија завршува во Белград во периодот 1983-1986 година, командно штабна академија 1996 година во Скопје, школа за национална одбрана во Република Турција 2007 година. Постдипломски студии завршува на Филозовски факултет, при УКИМ, во 2006 година во Скопје, а податоци за магистерскиот труд и неговата содржина нема доставено. Докторирал на науки од областа на безбедноста на 01.09.2009 година, на тема под наслов; *„Превенција во сузбивањето на организираните облици на криминал на меѓудржавните граници на Република Македонија”*. Од публицистичката дејност има објавено: книги (Вооружување со настава за гаѓање; Основи на топографија и тактика во природни услови и Вовед во криминалистика (HYRJE NE KRIMINALISTIKE) на албански јазик.) За наведените публикации не беа доставени примероци заради што истите не се евалуирани. Научни трудови кои ги публикува се „*Нуклеарна енергија и национална безбедност*”, во Современа македонска одбрана бр.17 од Јуни 2008 г., : *„Клаузевиц во светлост на современите воено теориски мисли” во* Современа македонска одбрана бр.22 од декември 2011 г. Исто така учествува на неколку меѓународни собири и тоа научно-стручна конференција. Процес на планирање и донесување н а одлуки во современи операции- MILCON-12.со трудот „*Процес на планирање на современи операции според директива за сеопфатно планирање на операции (COPD)*”; меѓународна научно-стручна конференција „Улога на активниот состав на вооружените сили во поддршка на нивните мисии и задачи во регионалната и глобалната безбедност

средина во 21-век" со трудот „*Концепт на резервни сили според новата трансформација на АРМ*". Ома објавено трудови во меѓународни научни списанија и тоа:*Глобализација и Тероризам*", во Централно издавачко списание-USHTRIJA- на М.О. на Р Албанија од 09.11.2012 г.,*Можности и потреби за Европската одбрана*" во Централно издавачко списание-USHTRIJA- на М.О. на Р Албанија од16.12.2012 г., , „*The use of dietary supplement among soldiers from Macedonian special operation*" воJournal of special medicine-USA Military medicine – 2012 г.

***Евалуација на објавените научни и стручни трудови на Мухамет Рацај, според доставената документација:***

1.Во трудот „Нуклеарна енергија и национална безбедност ", авторот настојува да даде акцент за значењето на нуклеарната енергија во контекст на националната безбедност, нагласувајќи дека повеќето држави, со порастот на економијата и бројот на жителите се јавува зголемена потреба од енергија и во таа насока тој смета дека и нуклеарната енергија која е применета од страна на 31 држава во светот има огромно значење и место во енергетскиот спектар.

2.Авторите на трудот „Клаузевиц во светлост на современите воено теориски мисли ", имаат за цел да дадат осврт на почетоците и достигнувањата на Клаузевиц и на планот на воената вештина од филозофски аспект, истакнувајќи дека Клаузевиц и денес се смета за еден од најголемите теоретичари на војната.

3.Во трудот „Процес на планирање на современи операции според директив за сеопфатно планирање на операции (COPD)", авторот истакнува дека дизајнот, планирањето и извршувањето се работи кои командантите ја познаваат и ја имаат водечката улога со поддршка од штабот, истакнувајќи дека искуството и воената проценка остануваат како основа каде што овој сеопфатен пристап и алатките му овозможуваат на командантот да донесува одлуки.

4.Авторот на трудот „ Концепт на резервни сили според новата трансформација на АРМ", истакнува дека резервните сили се особено значење за АРМ, согласно новата структура, нагласувајќи дека тие со своето знаење можат да учествуваат во остварување на одбраната на РМ, со имплементација на правата и должностите на граѓаните во извршувањето на воената, работната и материјалната служба.

**Табела на активности кои се бодираат според Правилникот за единствените критериуми при избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип**

| р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство | |
| 1. | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание | / | 2 x 2=4 | 4 |
| | | | **ВКУПНО** | **4** |
| | **Научно-истражувачка дејност** | | | |
| 1. | Одбранета докторска теза 1 x 8 | 8 | / | 8 |
| | | | **ВКУПНО** | **8** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | | | |
| 1. | Книга | 3x10 | / | 30 |
| 2. | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2 x 2 | 1x 6 | 10 |
| 3. | Пленарно предавање на стручен собир | 2 x 2 | / | 4 |
| | | | **ВКУПНО** | **44** |
| | | | **ВКУПНО** | **56** |

4. М-р Сенто Цветановски, полковник, вработен во МО-Воена академија, има завршено Воена академија на Копнената војска во Белград, насока инженерија, а во 1995 година се стекнал со звањето специјалист за командни и штабни должности, завршувајќи ги Последипломските студии на Командно штабната школа на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски " во Скопје. Во 2009 год. Го одбранил магистерскиот труд под наслов „Сообраќајната инфраструктура на Р Македонија и нејзиното значење во одбранбениот систем, стекнувајќи се со звање магистер по технички науки од областа на градежништвото. Работното искуство како наставник од научна област Инженерија го стекнува на Воената академија од 1997 година. Во 2009 година, Наставно-научниот совет на Градежниот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје донел одлука со која се прифаќа извештајот за подобноста на кандидатот и темата за изработка на докторска дисертација под наслов „Совладување на водите и водните текови во Република Македонија во воени услови" под менторство на проф.д-р Петар Цветановски. Во својот професионален развој м-р Сенто Цветановски вршел повеќе значајни должности.

5. д-р Оливер Андонов е роден 1971 год во Скопје. По завршувањето на основното образование се запишува во Средното Воено Училиште на Копнената војска во Сараево

во родот Артилерија, топографско-геодетска служба и истото го завршува 1989 год. Образованието го продолжува на Институтот за одбрана на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје каде дипломира во 1999 година и се стекнува со звање дипломиран професор по одбрана-дефендолог, со завршена педагошка разлика во предметите и академско оспособување за професор по предмети поврзани со одбраната, мирот и безбедноста. Магистрира на истиот институт во насоката мир и развој во 2007 година на тема „Етнополитичката мобилизација и конфликтниот процес во Република Македонија". Докторира на Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во 2010 година на тема „Моделот за рано предупредување на Европската унија и неговото влијание врз безбедносната политика на Република Македонија" и се стекнува со звање доктор по мир и развој. Работниот опус на д-р Оливер Андонов е богат. Така уште по завршувањето средното училиште, во периодот од 1989 до 1992 година има работено во повеќе гарнизони како артилериски подофицер во ЈНА на должности командир на топографски вод и командир на геодетско одделение во ВГИ-Белград, како и на командни должности во извидувачки единици. Во периодот од 1992 година до 2004 година, има работено на повеќе командни и штабни должности во АРМ во гарнизоните Куманово и Скопје. Од 1992 година до крајот на 2001 година како трупен подофицер и офицер има работено на повеќе должности од командир на артилериски вод до В.Д. командир на извидувачка чета во Командата на 1.Корпус. Кон крајот на 2001 се до крајот на 2002 година работи како офицер за мобилизација и воена резерва во Г-5 одделението во Командата на КоВ во Куманово. Во периодот од 2002 до 2004 година има работено како командир на питомечки вод на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" и наставник по воено-стручните предмети: Методика на Правило на служба, Методика на строева обука и Топографско-геодетска подготовка на артилериски гаѓања. Од 2004 до крајот на 2009 година, има работено на повеќе должности во МВР во граничната полиција и криминалистичката полиција во одделот за недозволена трговија со дрога и оружје во Секторите за внатрешни работи во Скопје и Куманово. Во периодот 2007-2009 година има работено како насловен асистент по предметот Разрешување на конфликти на Факултетот за безбедност во Скопје на Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола. Оливер Андонов во периодот од 2009 до 2011 година е асистент по предметите Разрешување на конфликти и Обука во стрелање со л/о, како и наставник под менторство по предметот Детективска тактика на Европскиот универзитет-Република Македонија во Скопје на Факултетот за Детективи и криминалистика. Во Септември 2011 година е избран во наставно звање Доцент на Факултетот за безбедност и финансиска контрола на МИТ Универзитетот во Скопје и наставник по предметите Основи на криминалистичко разузнавање, Криминалистичка методика и Методика на истражување на финансискиот криминал. Во моментот работи на истиот универзитет каде што е избран во звање доцент по Етиологија на загрозувањето за група предмети поврзани со етиологијата на загрозувањето, мирот, конфликтите и развојот . Воедно на МИТ Универзитетот е раководител на Еразмус канцеларијата во чии рамки има остварено четири билатерални договори за студентска мобилност. Покрај професионалниот ангажман, како стручен ангажман учествува во работата на повеќе стручни форуми и здруженија во областа на

безбедноста. Во моментот е член на комисијата за изготвување и следење на реализацијата на Националната стратегија на Република Македонија за безбедноста на сообраќајот на патиштата во состав на Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата кој е Собраниско тело. Научниот и творечки опус на д-р Оливер Андонов е богат. Има објавено повеќе научни и стручни трудови во надворешни и домашни списанија и годишници, како и монографија и високошколски учебници, а што е резултат на неговата научно-истражувачка активност. Посебен интерес во неговиот творечки опус претставува изучувањето и истражувањето на конфликтите, ризиците и заканите врз безбедноста, меѓународната безбедност и мировните теории, како и справувањето со несреќи и катастрофи, како и превенцијата од ризици и закани врз безбедноста поддржана со подигање на цивилните и воените капацитети. Учествувал на повеќе стручни и научни семинари и конференции и добитник е на повеќе признанија и сертификати во областа на безбедноста и одбраната., како и во повеќе истражувачки проекти како соработник и носител на проектот во рамките на социолошките истражувања поврзани со различни аспекти на загрозување на безбедноста. Има објавено повеќе трудови во земјата и во странство.

6. М-р Јулијана Стојанова, родена 1961 година во Тетово каде завршува основно и средно образование, а во 1985 година дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот по психологија. Во 2005 година успешно ги завршува испитите од магистерскиот студиум по кадровски менаџмент на Институтот за политичко правни и социолошки истражувања во Скопје со одбраната на трудот „ Селекција и обука на човечките ресурси за извршување на специјални задачи во Армијата на Република Македонија-мировни мисии“. Во декември 2009 година, Научниот совет на Институтот за политичко правни и социолошки истражувања во Скопје даде позитивно мислење и го прифати насловот на докторската дисертација под наслов „ Перманентна обука на човечките ресурси за време на циклусот на распоредување и реинтеграција по враќањето од мировни мисии“. Професионалниот опус го збогатува со повеќе обуки во земјата и во странство. Во 1996 година, Когнитивно ориентирана, транскациона анализа кај проф. ЈосипБергер; 1998 год. Специјализација за превенција и третман на стрес и траума, Министерство за здравство и WHO (Светска Здравствена Организација), 2001 година ја завршува обуката за Психосоцијална и кризна интервенција, Дејан Ајдуковиќ, Загреб; 2003 год. Добива стипендија за постдипломски курс во САД, Вермонт, SchoolforInternationalTraning CONTACT, (Градење мир и трансформација на конфликти), 2006 год. Го завршува напредниот курс за Управување со човечки ресурси на Холандскиот Одбранбен Колеџ во Хаг.

Практицирањето на стручниот и професионален развој на Јулијана Стојанова се движи во насока на обука на кадри како примарна област на интерес. Знаењата и искуствата од областа на психологијата како и воената психологија цврсто ги поставиле базите за натамошен развој на кандидатот во насока на обука на кадрите. Работното искуство во тој домен уште појасно го трасира патот на професионално усовршување на самиот кандидат. Така работниот ангажман како воен психолог (1989-1991 во Артилериски полк-Тетово, 1991-1997 во Инженерски полк и Логистички наставен центар во Скопје, од 1997 година во Одделението за настава и научно-истражувачка работа на Воената

академија во Скопје, каде е ангажирана како предавач по предметот Воена психологија и Раководење и командување со питомците и курсистите во академијата за резервни офицери, курсеви за родовите и службите во АРМ, на слушателите на специјализацијата за командно штабни должности. Наставничкото искуство на кандидатот Јулијана Стојанова е доста богато и тоа во обласата на кризниот менаџмент, психолошко советување и терапија. Така работи на проценка и третман на PTSD случаи за време и по воените конфликти од 1991/1992 и од 2001/2002; 1999-2001 год. го води проектот„Подавање рака" за психосоцијална поддршка на жените и децата бегалци од Косово; 2001 год. обуки "Helping helpers" за тимови кои работат на психосоцијални програми во меѓународните одрганизации UNICEF, UNHCR, CESVI; 2001-2009 год. работи и ги води тимовите за Психосоцијална и кризна интервенција по кризен настан во заедницата. Во исто време е координатор, ментор и обучувач во Проектот „Безбедно училиште во заедницата под ризик" со кој се опфатени учениците и наставниците од основните училишта во Тетово, како и организатор на Летната школа во ООУ „Лирија" во Тетово. Професионалниот раст на Јулијана Стојанова се проширува со членување во повеќе регионални и меѓународни инцијативи и асоцијации. Името на м-р Јулијана Стојанова се среќава и во публикации во земјата и надвор од неа. Ќе наведеме некои од нив:

Лекции по предметот Воена психологија -2002 год., (скрипта)
Адаптација на војничкиот живот и работата на војниците кои доживеале психосоцијален стрес" (Зборник на научни трудови на СЗО 1997-1998 ). Трудот го третира прашањето на адаптација во регрутниот систем на новиот живот и работа во воениот колектив со строго утврдена хиерархија
Adaptation during the enlisting period into military service, XX Научен конгрес YA/EM'99, Турција 1999 год. Во трудот се третира прашањето на адаптација на сите категории војници со крајни препораки за справување со појавата на самоодалечување и мотивирање на истите за успешно отслужување на воениот рок.
Post-traumatic Combat Stress-a factor of resilience for future stress events, Психијатриски конгрес, Охирд 2009 го. Во трудот се третира прашањето на јакнење на резилиентноста-психолошката отпорност кај лицата кои се испраќаат во мисии во странство.
Психолошките пореметувања и војувањето-кратка историја за PTSD, сп. Современа македонска одбрана, септември 2010, бр.20. Во трудот се посветува посебно внимание на прашањето за психолошките пореметувања при војувањето при што посебно се истакнува дека посттрауматските-стресни реакции или растројства по својата природа се комплексни и мултидимензионални што во третманот нужно го наметнуваат холистичкиот пристап.
На Летниот кампус 2012 год. „ Операции за пост-конфликтно градење на мирот " учествува со тема од обласата на постконфликтниот процес на стабилизиација и поддршка;
2012 год. Факултет за безбедност, предавање на тема Психолошка пропаганда и специјална војна
Психолошките подготовки значаен сегмент во циклусот на распоредување на

персоналот кој се упатува во мисии во странство, Меѓународна научно-стручна конференција „Улогата на активниот состав и на резервата на вооружените сили во поддршката на нивните мисии и задачи во регионалната и глобална безбедносна средина во 21от век, Скопје 2012. Трудот го третира прашањето на степенот и значењето на психолошката подготвеност на  персоналот кој се упатува на мисии во странство.

**Табела**
**На активности кои се бодираат при изборот во звање**

| р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство | |
| 1 | Интерна скрипта од предавања | 1x 4 | | 4 |
| 2 | Научно популарана статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 0,5x 8 | | 4 |
| 3 | Ментор за одбранана дипломска работа | 1x1 | | 1 |
| 4 | Член во комисија за одбрана на дипломска работа | 0,2x7 | | 1,4 |
| 5 | Раководител на семинар | 2x5 | | 10 |
| 6 | Воведување вежби по нов специјален (стручен) наставен предмет | 15x0,2+1 | | 4 |
| 7 | Педавања | 5x2x1,5+1 | | 16 |
| 8 | Организатор на летна школа | 2x2 | | 4 |
| | | | **ВКУПНО** | **44,4** |
| | **Научно-истражувачка дејност** | | | |
| 1 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | 2x2 | 4 |
| 2 | Одржано предавање на покана од научна институција | | 3x1 | 3 |
| 3 | Учество на научен собир со реферат | 1 | | 1 |
| 4 | Одбранета магистерска работа | 4 | | 4 |
| 5 | Студиски престој во странство | | 8 | 8 |
| 6 | Учество во научен проект | | 1x8 | 8 |
| | | | **ВКУПНО** | **28** |
| | | | **ВКУПНО** | **72,4** |

**Заклучок и предлог**

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека:

- кандидатот Кемо Ѓозо, согласно доставената документација не ги исполнува условите наведени во конкурсот;

- кандидатот Гоце Анакиевски, не ги исполнува условите за избор наведени во конкурсот согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“Скопје.

- кандидатот Мухамет Рацај, не ги исполнува условите за избор наведени во конкурсот согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“Скопје;

- кандидатот м-р Сенто Цветановски, полковник, вработен во МО-Воена академија, и покрај богатото искуство во областа на инженеријата како и професионалниот развоен пат, сепак не ги исполнува условите наведени во конкурсот;

- од приложената документација на кандидатот д-р Оливер Андонов, очигледно е дека станува збор за личност со силна теоретска подготовка и богато практично искуство. Иако, кандидатот доставува електронска верзија од трудовите, сепак истите не можат да се евалуираат поради недостиг од копија на публикуваните трудови. Поради тоа документацијата која е на располагање не е комплетна. Од друга страна, квалификацијата на кандидатот не соодветствува на барањата наведени во конкурсот;

- што се однесува до кандидатот м-р Јулијана Стојанова, очигледно е дека станува збор за профил на наставник кој во континуитет го продолжува својот професионален лик. Имено, континуираното професионално усовршување како и размената на искуства на меѓународен и домашен план преку учество на конгреси, конференции, летни школи, предавања а особено ангажманот во подготовката на питомците упатува на сознанието дека станува збор за сериозен и темелен пристап кон проблемот односно за наставник кој неуморно оди по патот на професионално издигање и раст. Наставно-практичната работа го колоризира ликот на м-р Јулијана Стојанова со уште еден сегмент што ја отсликува личноста како солиден познавач на проблемот и вешт поучувач на младата популација. Кандидатот м-р Јулијана Стојанова, врз основа на приложената работна биографија, искуството во наставната и научно - истражувачка работа како соработник на Воената академија како и апликативноста на искуството како наставник со разни структури на обучувани како и питомци на Воената академија се потврдени низ успешна поврзаност на теоретските знаења и практични искуства со што се богати нејзината биографија. Од друга страна, сосема сигурен е напредокот на кандидатот м-р Јулијана Стојанова и на планот на научното, стручно и педагошко усовршување што се потврдува со ангажираноста и учество на проекти, семинари, конференции, итн. Кандидатот м-р Јулијана Стојанова со висок степен на совесност и одговорност ги реализира поставените задачи. Низ отворена и континуирана комуникација со студентите, остварува висок степен на соработка. Флексибилноста во работата и креативноста во мислењето кај кандидатот отвора можности за прогрес и развој со рапиден раст на професионален план, со што во кандидатот м-р Јулијана Стојанова се гледа еден надежен и ентузијастички насочен млад научник и перспективен наставник кој ќе даде свој придонес во развојот на науката и наставата.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира биографија на еден надежен научен работник и иден успешен наставник и со задоволство му препорачува на Наставно - научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

кандидатот м-р Јулијана Стојанова да биде избран во звањето предавач од подрачјето Општествени науки научна област Воена андрагогија.

**Рецензентска комисија:**

**Д-р Владо Петровски, вонреден професор,**
**претседател, с.р.**

**Д-р Вера Стојановска, редовен професор,**
**член, с.р.**

**Д-р Снежана Мирасчиева, вонреден професор,**
**член, с.р.**